**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2020 и**

**Извештај на независниот ревизор**

**СОДРЖИНА**

| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1 - 2 |
| Биланс на приходи и расходи | 3 |
| Биланс на состојба | 4 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 5 - 22 |

Ревизија Чулева
Иван Аговски 1/2-1
1000 Скопје, Северна Македонија
Тел: 02 3094 014
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**ДО РАКОВОДСТВОТО НА
АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (во натамошниот текст "Агенцијата"), кои се состојат од билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година и придружниот биланс на приходи и расходи за истиот период и прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*
Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународните стандарди за ревизија објавени во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Агенцијата со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Агенцијата. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на сѐвкупното презентирање на финансиските извештаи.

*(Продолжува)*

Иван Аговски 1/2-1
1000 Скопје, Северна Македонија
Тел: 02 3094 014
office@revizijaculeva.com.mk
www.revizijaculeva.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

**ДО РАКОВОДСТВОТО НА
АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
(Продолжение)**

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*
Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ, на ден 31 декември 2020 година, како и финансискиот резултат, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации што се применува во Република Северна Македонија.

**ТП РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА-Скопје**
**Соња Чулева**, *Управител*

**Соња Чулева**, *Овластен ревизор*

РЕВИЗИЈА ЧУЛЕВА Скопје

Sonja Chuleva Digitally signed by Sonja Chuleva
Date: 2021.03.17 10:36:12 +01'00'

Скопје, 18 март, 2021 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**За годината што завршува на 31 декември 2020**
**(Во илјади Денари)**

| | Белешка | Година што завршува на 31 декември 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **ПРИХОДИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | | | |
| Приходи од услуги | 4; 3.1; 3.2 | 39,937 | 47,972 |
| Финансиски приходи | 6;3.2; | - | 2 |
| Останати приходи | 5 | 71,316 | 75,130 |
| Пренесен вишок на приходи од претходната година | | 194,060 | 151,071 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | | **305,313** | **274,175** |
| **РАСХОДИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | | | |
| Материјални расходи и услуги | 7 | (11,084) | (12,517) |
| Други оперативни расходи | 8 | (20,057) | (20,242) |
| Капитални расходи | 9 | (9,925) | (4,770) |
| Плати и други надоместоци за вработените | 3.12; 11 | (44,692) | (42,115) |
| Помошти, донации и други расходи | 10 | (102,206) | - |
| Финансиски трошоци | 6; 3.6 | (2) | - |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | | **(187,966)** | **(79,644)** |
| **ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | | **117,347** | **194,530** |
| Данок на добивка | | (389) | (470) |
| **ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **116,958** | **194,060** |

*Белешките кон финансиските извештаи претставуваат составен дел на овие финансиски извештаи.*

Финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2020 се прифатени и одобрени од Раководството на Агенцијата на 25.02.2021 година.

Директор,

**Д-р Зоран Трајчевски**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**На 31 декември 2020**
**(Во илјади Денари)**

| | Белешка | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 12 | 113,284 | 184,699 |
| Побарувања од комитенти | 13; 3.8 | 2,620 | 24,411 |
| Други побарувања | 14 | 7,303 | 6,902 |
| Активни временски разграничувања (АВР) | 15 | 332 | 834 |
| Залихи | 16 | 103 | 61 |
| | | **123,642** | **216,907** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства-нето | 17; 3.7 | 3,940 | 9,618 |
| Материјални средства-нето | 17; 3.7 | 215,872 | 213,933 |
| | | **219,812** | **223,551** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **343,454** | **440,458** |
| **ОБВРСКИ И ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 18; 3.9 | 1,259 | 1,666 |
| Останати краткорочни обврски | 19 | 3,643 | 678 |
| Пасивни временски разграничувања (ПВР) | 20 | 1,678 | 20,442 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **6,580** | **22,786** |
| **Деловен фонд и вишок на приходи за пренос во наредна година** | | | |
| Деловен фонд | 21 | 219,916 | 223,612 |
| Вишок на приходи за пренос во наредна година | 21 | 116,958 | 194,060 |
| **Вкупно деловен фонд и Вишок на приход за пренос во наредна година** | | **336,874** | **417,672** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА** | | **343,454** | **440,458** |

*Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи.*

Финансиските извештаи за годината што завршува на 31 декември 2020 се прифатени и одобрени од Раководството на Агенцијата на 25.02.2021 година.

Директор,

**Д-р Зоран Трајчевски**

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2020**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

**АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ** (во натамошниот текст: "Агенцијата ") е независно регулаторно непрофитно тело со јавни овластувања во радиодифузната дејност.
Агенцијата е основана на 16.02.2007 година и е запишана во Централен Регистер на Република Северна Македонија под ЕМБС бр.: 5171440.

***Седиште:*** ул.Македонија бр.38 Скопје, Центар.

***Приоритетна дејност:*** 84.13-Управување и давање помош за поуспешно деловно работење.

Работењето на Агенцијата до 2013 година е тесно поврзано со Законот за радиодифузна дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 100/2005 и пратечките измени и дополнувања објавени заклучно со 72/2013.)
На 26 декември, 2013 година е донесен Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во натамошниот текст: Законот), објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.184/26.12.2013 година додека соодветните дополнувања / измени се објавени во "Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2004, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016 и 132/2017, 168/2018, 248/2018, 27/2019 и 42/2020 година.

Агенцијата се грижи за обезбедување на слободата и плурализмот на изразување; за постоење разновидни, независни и самостојни медиуми и економски и технички развој на дејноста.

***Надлежности***
Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ги има следните надлежности:
- Се грижи за обезбедување на јавност во работата на радиодифузерите; заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги; охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни услуги;
- Превзема мерки во согласност со Законот во случаи на прекршување на неговите одредби или останатите прописи донесени врз основ на истиот;
- Се грижи за обезбедување заштита на малолетни лица;
- Донесува акти што произлегуваат од Законот;
- Се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудиовизуелните медиумски услуги;
- Утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација;
- Одлучува за доделување, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување;
- Превзема мерки за времено ограничување на пренос и прием од странски држави, во согласност со Законот;
- Донесува листа на настани од големо значење во Републиката, поттикнува медиумска писменост, врши надзор согласно Законот, води регистри утврдени со Законот, спроведува истражувања и анализи, врши мерење на гледаноста или слушањето на емисии и го пропишува начинот на кој се извршува мерењето;
- Врши други работи утврдени со Законот и дополнувањата/измените.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2020**

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Советот на Агенцијата е составен од 7 членови, кои ги избира Собранието на Република Северна Македонија. Со Одлука бр.07-2613/1 од 02.07.2014 година, објавена во "Службен весник на Република Македонија:" бр.100/03.07.2014 година.

Советот на 31.12.2020 година работи во следниот состав:

| Име и презиме | Функција во Советот | Година на назначување |
|---|---|---|
| Лазо Петрушевски | Претседател | 2014 |
| Д-р Милаим Фетаи | Заменик-претседател | 2014 |
| Селвер Ајдини | Член | 2014 |
| М-р Алма Машовиќ | Член | 2014 |
| М-р Методија Јанчевски | Член | 2014 |
| Зоран Фиданоски | Член | 2014 |
| Лазар Трајчев | Член | 2014 |

***Стручна служба***
Стручната служба на Агенцијата на 31 декември 2020 година е организирана во следните организациони делови:

| Назив на организациониот дел |
|---|
| Сектор за поддршка на работата на Директорот и на Советот |
| Сектор за програмски работи |
| Сектор за правни работи |
| Сектор за финансии и логистика |
| Сектор за стратешко планирање и авторски права |
| Сектор за информатичка поддршка и општи работи |
| Служба за внатрешна ревизија |
| Служба за јавни набавки |

Во согласност со член 22 од Законот, одредбите од Законот за државни службеници не се применуваат на вработените во Агенцијата.

***Директор на Агенцијата***
Директор на Агенцијата е Д-р Зоран Трајчевски. Директорот на Агенцијата има надлежности утврдени со Законот.

***Број на вработени***
На 31.12.2020 година, Агенцијата има 55 вработени. (На 31.12.2019:57 вработени.)

## 2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Финансиските извештаи на Агенцијата се изготвени во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации ("Службен весник на Република Македонија" 24/2003, 17/2011 и 154/2015) односно Правилникот за сметководство на непрофитните организации ("Службен весник на Република Македонија"42/2003, 12/2009 и 175/2011.) Согласно наведениот Закон, Агенцијата не е обврзана да составува и поднесува Извештај за промена на фондовите и Извештај за паричните текови.

Билансот на состојба и Билансот на приходи и расходи на Агенцијата се прикажани во согласност со формата и содржината на билансните шеми објавени во Правилникот за сметковен план и билансите на непрофитните организации (“Службен весник на Република Македонија” бр. 117/2005 и 11/2006.)

Во составувањето на овие финансиски извештаи Агенцијата ги применува сметководствените политики кои се обелоденети во Белешката 3 кон овие финансиски извештаи, кои се засновани на сметководствената и даночната регулатива во Република Северна Македонија.

Извештајна валута на Агенцијата е македонски Денар (“Денар.”)

Сите износи во финансиските извештаи и соодветните белешки се прикажани во илјади Денари, освен доколку не е наведено поинаку.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.1 Аудио или аудиовизуелна медиумска услуга

Во согласност со Законот, аудио или аудиовизуелна медиумска услуга е:

a) Услуга која ја обезбедува давател на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга, која опфаќа каква било форма на економска активност чија примарна цел е обезбедување на аудио или аудиовизуелни програми за да се информира, забавува и/или образува пошироката јавност преку електронски комуникациски мрежи;
и
b) Аудио или аудиовизуелна комерцијална комуникација.

### 3.2 Признавање на приходите

Признавањето на приходите се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.Тоа значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположивост.
Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположиви кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Агенцијата се финансира од средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија; надоместоци предвидени со овој Закон и друг вид финансиска и техничка помош.

### 3.2 Признавање на расходите

Признавањето на расходите се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции.

Расходите се признаваат во пресметковниот период во кој настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период доколку се платени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов обврската за плаќање да настанала во пресметковниот период.

### 3.4 Долгорочни и краткорочни вложувања или позајмици

Исплатите во текот на годината по основ на долгорочни и краткорочни вложувања или позајмици, се искажуваат како расход и истовремено како побарување, а кога се враќаат, се затвара побарувањето и се искажува приход.

## 3. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

### 3.5 Трансакции во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во Денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата.

Средствата и обврските деноминирани во странска валута се изкажуваат со примена на официјални курсеви кои важат на денот на составувањето на Билансот на состојба.

### 3.6 Материјални (основни) средства

Материјалните (основните) средства на Агенцијата се состојат од градежен објект, опрема, мебел и возила и инвестиции во тек. Материјалните средства на Агенцијата иницијално се евидентираат по набавна вредност, што потоа се намалува за износот на акумулираната амортизација и одредени оштетувања доколку се утврдени.
Набавната вредност се состои од: куповна вредност, царини, даноци, такси, издатоци за превоз, сервисирање и ускладиштување, монтирање, проектни сметки, регистрации и други издатоци кои можат да се додадат на набавната вредност.
Набавната вредност се корегира за износите на доградба, реконструкција, адаптација и сл. (инвестиционо одржување.)
Одделните поправки, преправки, замена сервисирање и слично (тековно одржување), се евидентираат како расходи во Билансот на приходи и расходи.
Амортизацијата се пресметува со користење на праволиниска метода на отпис која доследно се спроведува од година во година.

Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација, применети на некои позначајни ставки на материјалните средства на Агенцијата:

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| Градежен објект | 2% | 2% |
| Канцелариски мебел и опрема | 12% | 12% |
| Компјутери, патнички возила и телекомуникациска опрема | 20% | 20% |
| Останата опрема | 10-15% | 10-15% |

Кога се добиваат донирани средства, тогаш нивната вредност се евидентира директно на зголемување на средствата и деловниот фонд. Амортизацијата се евидентира на терет на деловниот фонд со истовремено зголемување на акумулираната амортизација.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2020**

### 3.7 Побарувања

Побарувањата се прикажани според нивната номинална вредност. За стари и сомнителни побарувања се врши исправка или отпис во согласност со Законот за облигациони односи, врз основ на одлука донесена од Агенцијата.

### 3.8 Обврски кон добавувачи

Обврските кон добавувачите се прикажани по нивната номинална вредност.
Неизмирените обврски кон добавувачите се отпишуваат по основ на застареност врз основа на одлука донесена од раководството. Износите на отпишаните обврски се признаваат како останати приходи.

### 3.9 Плати и надоместоци за плати

Агенцијата учествува во пензискиот фонд со уплатување на определени придонеси утврдени со домашната легислатива. Придонесите, кои зависат од висината на платите, се уплатуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Не постојат дополнителни обврски во однос на финансиските планови.

### 3. 10 Данок на добивка

Во согласност со одредбите на Законот за данок на добивка, не-профитните организации се иземени од плаќање данок на приходите генерирани од добиени членарини, спонзорства и донации, кои се добиени и се наменети за остварување на однапред утврдени цели. За 2020 година, данок на приходи се плаќа само на приходи од сопствени активности доколку надминуваат Ден 1,000 илјади, при што стапката е 1%.

### 3.11 Финансиски приходи и расходи

Финансиските приходи и расходи се состојат од затезна камата на доспеани ненаплатени салда; приход од инвестирани средства и позитивни и негативни курсни разлики.

Приходот од камати се евидентира во извештајот на приходи и расходи во периодот во кој е добиена наплатата.

Затезната камата на задоцнети салда се евидентира во извештајот на приходи и расходи во кој е извршено плаќањето или 30 дена од денот на известување под услов обврската да настанала во периодот за кој се известува.

### 3.12 Сметководствен принцип на континуитет

Финансиските извештаи на Агенцијата се подготвени врз основа на принципот на континуитет на 31 декември 2020 година и овој принцип продолжува да постои како претпоставка и после издавањето на финансиските извештаи.

Брзото ширење на вирусот Ковид-19 и неговите економски ефекти во Република Северна Македонија и на глобално ниво, може да резултира во преиспитување на претпоставките и проценките, што би можело да има ефект на материјално прилагодување на сегашната вредност на средствата и обврските во текот на следната деловна година. Во оваа фаза, раководството не е во состојба со сигурност да го процени ефектот, бидејќи нови настани се случуваат на дневна основа.

Врз основа на спроведените анализи според тековните случувања, Агенцијата утврди дека во моментов не се очекуваат тешкотии во работењето поврзани со ликвидност и сервисирањето на обврските спрема добавувачите.

### 3.13 Проекти

Во 2020 година во Агенцијата не се реализирани Проекти финансирани со добиени грантови.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2020**

## 4. ПРИХОДИ ОД НАДОМЕСТ ЗА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Приходи од надомест за за вршење на дејност | 39,855 | 47,972 |
| Други приходи | 82 | - |
| | **39,937** | **47,972** |

Висината на надоместот го утврдува Агенцијата во согласност со Законот.

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Приходи од фондови и буџети | 71,316 | 74,642 |
| | **71,316** | **75,130** |

Во вкупниот износ од Ден 71,316 илјади се вклучени приходи од радио дифузна такса во износ од Ден 69,581 илјади.

## 6. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ

| | Во илјадиДенари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Приходи од камати | - | - |
| Приходи од курсни разлики | - | 2 |
| | **-** | **2** |

## 7. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ

| | Во илјадиДенари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Потрошени канцелариски материјали, средства за хигиена | 986 | 817 |
| Потрошена енергија (електрична и топлинска) | 1,882 | 2,273 |
| Одржување | 4,013 | 5,738 |
| Печатарски услуги | 346 | 168 |
| Поштенски услуги | 1,337 | 1,507 |
| Репрезентација | 291 | 537 |
| Наемнини | 1,125 | 1,197 |
| Други материјални расходи | 1,104 | 280 |
| | **11,084** | **12,517** |

## 8. ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | Во илјадиДенари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Провизии за банкарско работење | 81 | 84 |
| Осигурување | 206 | 266 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | 200 | 2,147 |
| Надоместоци на трошоци за вработените | 10,079 | 9,849 |
| Членарини за меѓународни и други организации | 222 | 211 |
| Интелектуални услуги | 6,105 | 5,603 |
| Останати расходи | 3,164 | 2,082 |
| | **20,057** | **20,242** |

## 9. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Набавена опрема и мебел | 9,896 | 4,770 |
| Набавен софтвер | 29 | - |
| | **9,925** | **4,770** |

## 10. ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Наменски донации | 99,287 | - |
| Даноци што не зависат од резултатот | 2,919 | - |
| Донирани средства | - | - |
| | **102,206** | **-** |

Наменските донации од Ден 99,287 илјади се однесуваат на донации дадени на радиодифузери во Република Северна Македонија за надминување на последици од COVID 19. Во овој износ е вклучена и донација кон Црвен крст на Република Северна Македонија во износ од Ден 1,000 илјади за надминување на штети настанати од земјотресот во Драч, Албанија.

## 11. ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Вкалкулирани бруто плати | 44,692 | 42,115 |
| | **44,692** | **42,115** |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2020**

## 12. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Пари во банки-Денари | 113,225 | 184,626 |
| Пари во благајна -Денари | 2 | 18 |
| Пари во банки-девизни сметки | - | - |
| Пари во благајна- девизи | 57 | 55 |
| | **113,284** | **184,699** |

## 13. ПОБАРУВАЊА ОД КОМИТЕНТИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Побарувања од комитенти за надомести | 2,620 | 24,411 |
| Исправка на вредност на побарувањата | - | - |
| | **2,620** | **24,411** |

Во 2020 година е направен отпис на застарени побарувања во износ од Ден 23,255 илјади.

## 14. ДРУГИ ПОБАРУВАЊА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Други краткорочни побарувања | - | 234 |
| Побарувања од вработени | 251 | 33 |
| Побарувања за ДДВ | 735 | 507 |
| Побарување за ДД | 6,317 | 6,128 |
| | **7,303** | **6,902** |

## 15. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (АВР)

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Активни временски разграничувања (АВР) | 332 | 834 |
| | **332** | **834** |

Активните временски разграничувања (АВР) во износ од Ден 332 илјади (2019: Ден 834 илјади) се однесуваат на неисплатени обврски кон добавувачи.

Кога се врши плаќање кон добавувачите, побарувањата за АВР се пренесуваат на трошоци за капитални набавки односно на соодветни трошочни конта во Билансот на приходи и расходи.

## 16. ЗАЛИХА

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Материјали на залиха | 103 | 61 |
| | **103** | **61** |

Залихите на ситен инвентар целосно  се отпишуваат кога се ставаат во употреба.

## 17. НЕМАТЕРИЈАЛНИ И МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (Во илјади Денари)

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Нематеријални и материјални средства по набавна вредност | 314,299 | 326,208 |
| Исправка на вредност | (94,487) | (102,657) |
| | **219,812** | **223,551** |

Движењето на материјалните и нематеријалните средства во 2020 година е следно:

| | Немате-ријални средства | Градежни објекти | Опрема, мебел, возила | Уметнички слики | Инвес-тиции во тек | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| **Состојба, 1 јануари 2020** | **30,683** | **204,319** | **63,382** | **956** | **1** | **299,341** |
| Набавки | - | - | 9,439 | - | - | 9,439 |
| Ревалоризација | 515 | 3,678 | 925 | - | - | 5,118 |
| Отпис (оттуѓување) | - | - | (493) | - | - | (493) |
| **Состојба, 31 декември 2020** | **31,198** | **207,997** | **73,253** | **956** | **1** | **313,405** |
| **Исправка на вредноста** | | | | | | |
| **Состојба, 1 јануари 2020** | **(21,065)** | **(8,173)** | **(46,553)** | **-** | **-** | **(75,791)** |
| Исправка за годината | (5,718) | (2,043) | (9,115) | - | - | (16,876) |
| Исправка на ревалоризација | (475) | (184) | (667) | - | - | (1,326) |
| Отпис (оттуѓување) | - | - | 400 | - | - | 400 |
| **Состојба, 31 декември 2020** | **(27,258)** | **(10,400)** | **(55,935)** | **-** | **-** | **(93,593)** |
| **Сметководствена вредност на 31 декември 2020** | **3,940** | **197,597** | **17,318** | **956** | **1** | **219,812** |
| **Сметководствена вредност на 31 декември 2019** | **9,618** | **196,146** | **16,829** | **956** | **1** | **223,551** |

## 18. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Обврски кон добавувачи | 1,259 | 1,666 |
| | **1,259** | **1,666** |

## 19. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

| | Во илјади Денари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Други краткорочни финансиски обврски | 3,542 | - |
| Обврски за данок на добивка | - | 577 |
| Други обврски кон вработени, | 40 | 40 |
| Други краткорочни обврски | 61 | 61 |
| | **3,643** | **678** |

## 20. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (ПВР)

| | Во илјадиДенари | |
|---|---|---|
| | Годината што завршува на | |
| | 31 декември 2020 | 31 декември 2019 |
| Пасивни временски разграничувања | 1,678 | 20,442 |
| | **1,678** | **20,442** |

ПВР во износ од Ден 1,678 илјади (2019: Ден 20,442 илјади) се однесуваат на однапред пресметани приходи. Во моментот на наплата, се пренесуваат на приходите во Билансот на приходи и расходи.

## 21. ДЕЛОВЕН ФОНД И ВИШОК НА ПРИХОДИ ЗА ПРЕНОС ВО НАРЕДНА ГОДИНА

**(Во илјади Денари)**

| | Деловен фонд | Акумулиран вишок на приходи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Состојба, 1 јануари 2020** | **223,612** | **194,060** | **417,672** |
| Пренос на вишок остварени приходи во наредна година | - | **(194,060)** | **(194,060)** |
| Нови набавки на материјални и нематеријални средства | 9,439 | - | **9,439** |
| Ефект од ревалоризација на наб.вредност | 5,118 | | **5,118** |
| Отпис/продажби на материјални средства | (493) | - | **(493)** |
| Тековна амортизација/депрецијација на материјални и нематеријални средства | (18,202) | - | **(18,202)** |
| Отпис/продажба ефект на амортизација-нето | 400 | - | **400** |
| Зголемување/(намалување) на залихи -нето | 42 | - | **42** |
| Вишок за пренос во наредна година | - | 116,958 | **116,958** |
| **Состојба, 31 декември 2020** | **219,916** | **116,958** | **336,874** |
| **Состојба, 1 јануари 2019** | **231,647** | **151,071** | **382,718** |
| Пренос на вишок приходи од претходна година | - | (151,071) | (151,071) |
| Нови набавки на материјални и нематеријални средства | 7,658 | - | **7,658** |
| Ефект од ревалоризација на набавна вредност | 813 | - | **813** |
| Тековна амортизација/депрецијација на материјални и нематеријални средства | (15,853) | - | **(15,853)** |
| Ефект од ревалоризација на амортизација/депрецијација | (666) | - | **(666)** |
| Неотпишана вредност на отпишани основни средства | (17) | - | **(17)** |
| Зголемување/(намалување) на залихи -нето | 30 | - | **30** |
| Вишок на приходи за пренос во наредна година | - | 194,060 | **194,060** |
| **Состојба, 31 декември 2019** | **223,612** | **194,060** | **417,672** |

## 22. НАСТАНИ ПОСЛЕ ДАТУМОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

После датумот на известување 31 декември 2020 година, до денот на одобрување на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале потреба за корекција, ниту пак настани што се материјално значајни за нивно објавување.

## 23. ВАЛУТНИ КУРСЕВИ

Официјалните валутни курсеви применети на денот на Извештајот на финансиската состојба на ставките кои се деноминираат во странски валути на 31 декември, 2020 и 2019 година се следни:

| | 31 декември, 2020 | 31 декември, 2019 |
|---|---|---|
| **1 EUR** | 61,4950 | 61,4907 |